Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за поддршка на Градоначалникот
и Советот на Општината

тел.:02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-406
kabinet@kiselavoda.gov.mk

Број 08-9296/1
од 30-10-2023 2023 година
Скопје

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ

Локалното собрание на млади во насока на формирање Локален младински совет при Општина Кисела Вода распишува Јавен повик за формирање Локален младински совет.

Во Локалниот младински совет може да членуваат лица од граѓански организации, младински организации, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување кои:

1. Работат и функционираат на територијата на Општината ,

2. Се основани и активни најмалку една година пред објавување на овој повик.

3. Лицата да се жители на Општина Кисела Вода и да се на возраст од 15 до 29 години.

Задолжителни документи:

• Портфолио на организацијата/групата/здружението/лицето,

• Кратко мотивациско писмо за учество во Локалниот младински совет, но не повеќе од 1 страница,

• Годишна извештај за работата од предходната година со кој се потврдува дека организацијата била активна изминатата година со активности спроведени за или од млади во Општина Кисела Вода.

Кандидатите за членови на Локалниот младински совет имаат право на куса презентација на својата програма пред членовите на Локалното собрание, по што ќе следува постапка на гласање.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
Сектор за поддршка на Градоначалникот
и Советот на Општината

тел.:02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-406
kabinet@kiselavoda.gov.mk

Локалното собрание на млади избира членови на Локалниот младински совет по пат на непосредни избори со тајно гласање во кое право на глас имаат делегатите од Локалното собрание на млади.

За избрани членови на Локалниот младински совет се сметаат оние членови кои освоиле најмногу гласови од страна на присутните делегати, водејќи сметка за балансирана застапеност на двата пола. Бројот на членови е непарен и не смее да надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината.

Членови на Локалниот младински совет имаат мандат од две години со право на уште еден избор.

Начин на пријавување:

**Документите за пријавување да се достават исклучиво преку архивата на Општина Кисела Вода.**

Рок за пријавување: 10 работни дена од денот на пријавувањето.

ПРЕДСЕДАТЕЛ
НА СОБРАНИЕ НА МЛАДИ
НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Филип Нанков